Врз основа на член 39 и 48 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 19 став 2 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод" бр.2/03 ... 12/24 - пречистен текст), Претседателот на Советот на Општина Македонски Брод, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за свикување на четириесет и шестата (46) седница на Советот на Општина Македонски Брод

Ја свикувам четириесет и шестата (46) седница на Советот на Општина Македонски Брод.
Седницата ќе се одржи на ден 27.12.2024 година (петок), со почеток во 13:00 часот.
За седницата го предлагам следниот:

Предлог-Дневен Ред

- Усвојување на записникот од 45 - та седница

Т1. Предлог-Буџет на Општина Македонски Брод за 2025 година и Одлука за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2025 година;

Т2. Предлог-Одлука за утврдување на денарски благајнички максимум за 2025 година;

Т3. Предлог-Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2025 година;

Т4. Предлог-Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2025 година;

Т5. Предлог-Одлука за доделување на еднократен финансиски надоместок на секое новороденче во општина Македонски Брод;

Т6. Предлог - Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на управен одбор и надзорен одбор за контрола на материјално–финансиско работење на ЈКП „Комуналана Хигиена"Македонски Брод;

Т7. Предлог-Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на управен одбор и надзорен одбор за контрола на материјално–финансиско работење на ЈП „Водовод и канализација"Македонски Брод;

Т8. Предлог-Решение за продолжување на важноста на Решенијата за разрешување на членови и именување на в.д. членови на управниот одбор и надзорниот одбор на ЈКП „Комунална хигиена" Македонски Брод и на ЈП „Водовод и канализација" Македонски Брод;

Т9. Предлог-Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на Дом на култура Македонски Брод за усвојување Програмата за работа за 2025 година;

Т10. Предлог - Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во врска со предмет бр.03-860/1 од 19.11.2024 година;

Т11. Поднесени барања од правни и физички лица до Совет на Општина Македонски Брод.

ПРЕДЛОЗИ И ПРАШАЊА

Седницата ќе се одржи во салата за состаноци во зградата на Општина Македонски Брод

Бр.18 –932/1
20.12.2024 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.